Друштво за внатрешна и надворешна трговија
ТОЗ-МК ДОО
Бр. 05-141/1
13.06. 22
Скопје

Архивски број: 03-6926/1
Датум: 13 -06- 2022

ДОГОВОР

за јавна набавка на стоки- канцелариска опрема и материјали

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје, со седиште на ул.„Трета Македонска Бригада", бр.76, во Скопје, претставувано од Илчо Петровски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на канцелариски потрошен материјал – ДЕЛ 1, за потребите на Министерството за финансии, по спроведената поедноставена отворена постапка за јавна набавка на стоки – канцелариска опрема и материјали, по оглас бр. 06359/2022.

Видот и количината на канцелариското потрошен материјал, со единечни цени е даден во Прилог 1 - Листа на канцелариски потрошен материјал која е составен дел на овој договор.

### Член 2

Количините на канцелариското потрошен материјал даден во Прилог 1 - Листа на канцелариски потрошен материјал, се максимални и договорниот орган за време на важењето на договорот нема обврска да ги порача сите артикли по вид и количина.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Единечните цени за канцелариското потрошен материјал дадени во Листата на канцелариски потрошен материјал - Прилог 1 на овој договор, се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката до испораката во магацинот на локацијата посочена од договорниот орган.

Вкупната вредност на предметот на набавката е 1.999.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Вкупната вредност на предметот на набавката е 2.358.820,00 денари, со пресметан данок на додадена вредност.

Договорниот орган не е обврзан да ја искористи вкупната максимална вредност на договорот.

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Услов за потпишување на договорот со носителот на набавката е обезбедување банкарска гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната максимална вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок по пошта или лично на лицето за контакт од тендерската документација.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набвката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IV. ДИНАМИКА, РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

### Член 5

Носителот на набавката се обврзува нарачаниот канцелариски потрошен материјал да го испорачува во рок до 3 (три) работни денови од денот на приемот на порачката за локациите во Скопје и до 7 (седум) работни денови од денот на приемот на порачката за локациите во другите градови.

### Член 6

Испораката на канцеларискиот потрошен материјал ќе се врши сукцесивно според периодични потреби на договорниот орган и исклучиво врз основа на порачка доставена од договорниот орган.

Порачката од став 1 на овој член ја издава Министерството за финансии и на неа треба да има потпис од овластен потписник, архивски број и печат.

Испораката на канцеларискиот потрошен материјал ќе се врши во седиштето на Министерството за финансии во Скопје, во 5 (пет) подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи, со седиште во Скопје (Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир), во 29 подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи во други градови во државата и тоа: Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип и во 17 (седумнаесет) Трезорски

канцеларии на Министерството за финансии со седиште во Скопје, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Испораката на порачаниот канцелариски потрошен материјал во подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи и Трезорските канцеларии, ќе се врши сукцесивно по доставени порачки од страна на договорниот орган до носителот на набавката. Порачките за испорака на канцелариските материјали за подрачните одделенија и трезорските канцеларии, по правило, ќе се доставуваат на секои четири месеци.

Член 7

Порачката за канцелариски потрошен материјал треба да содржи: вид на материјал, единечна мера, количина, место на испорака и рок на испорака.

Секоја испорака на канцелариски потрошен материјал од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка издадена од надлежниот сектор на договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Член 8

Носителот на набавката е должен при испораката на канцеларискиот потрошен материјал да издава испратница, пополнета во три примероци, која мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од договорниот орган.

Канцеларискиот потрошен материјал што ќе се испорачува треба да се предава на лица определени од договорниот орган.

Испратницата со полно име и презиме ја потпишуваат определените лица во Министерството за финансии и во неговите подрачни одделенија и трезорски канцеларии и лицето што ги испорачува материјалите во име на носителот на набавката.

По еден примерок од испратницата се предава на определеното лице кај договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Министерството за финансии - Скопје.

V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Договорниот орган се обврзува плаќањето по извршената испорака на канцелариските потрошен материјал да го врши врз основа на доставена фактура и придружната документација во рок до 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата кон која се приложени испратници со кои се потврдува уредно извршената испорака.

За сите извршени испораки според една порачка од договорниот орган, носителот на набавката испоставува една фактура на име Министерство за финансии-Скопје.

Доколку доставената фактура не ги содржи бараните податоци или кон неа не се приложени уредно пополнети и потпишани испратници нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање или дооформување.

Во фактурата задолжително треба да се наведе архивскиот број и датум на порачката издадена од договорниот орган врз основа на која е извршена испораката.

Фактурирањето се врши според единечните цени од Прилогот 1 кон договорот.

При фактурирањето за извршена испорака на потрошен канцелариски материјал се пресметува данок на додадена вредност според пропишаната стапка.

## VI. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од сметано од 28.08.2022 година или до негово целосно вредносно исполнување.

## VII.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 11

Носителот на набавката се обврзува дека канцеларискиот потрошен материјал што ќе го испорачува ќе биде од истиот тип и ќе ги има истите технички карактеристики согласно со квалитетот, стандардите и другите податоци наведени во понудата и во Прилогот 1 кон овој договор.

### Член 12

Носителот на набавката се обврзува дека на барање на договорниот орган ќе биде во можност да испорача до 10% од вкупната максимална количина на канцеларискиот потрошен материјал предвиден во Прилогот 1 кон овој договор, а во рокот утврден во член 5 на овој договор.

Член 13

Носителот на набавката се обврзува да изврши замена на канцелариските потрошен материјал што договорниот орган ќе го рекламира.

VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 14

Договорниот орган се обврзува редовно да ги плаќа уредно доставените фактури по секоја извршена порачка според рокот утврден во член 9 од овој договор.

Договорниот орган се обврзува дека по потпишување на договорот ќе му достави на носителот на набавката адресар на подрачните одделенија и трезорските канцеларии со лица за контакт.

Договорниот орган ќе врши контрола на артиклите што се испорачуваат во однос на соодветноста, квалитетот, типот, техничките карактеристики и други податоци утврдени во прилогот 1 на овој договор.

Договорниот орган може при самата испорака да не прими одделни артикли ако утврди дека тие не се во согласност со ставот 3 од овој член.

Договорниот орган ќе го врати секој канцелариски потрошен материјал за кој при подоцнежната контрола или при нивната употреба ќе констатира дека не соодветсвува на предвидениот квалитет.

IX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Овој договор може да се раскине спогодбено, со согласност на договорните страни.

Член 16

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара остварување на своите права и исполнување на обврските или да го раскине договорот.

Член 17

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 18

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на последиците од вишата сила, договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот, согласно со Законот за јавните набавки.

Член 20

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 21

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 22

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
ДРУШТВО ЗА ВНАТРЕШНА
И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА
ТОЗ-МК ДОО СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ
Илчо Петровски

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

ДЕЛ 1 Прилог 1 -Листа на канцелариски потрошен материјал

| Р.Б | ВИД НА АРТИКАЛ | ЕДИНЕЧНА МЕРА | Количини | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | ВКУПЕН ИЗНОС БЕЗ ДДВ (4x5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мастило за тампон, сина и црна боја, пакување од минимум 30ml | ПАРЧЕ | 80 | 15,77 | 1.262,00 |
| 2 | Јастуче за печат, со димензии минимум 60x100mm | ПАРЧЕ | 16 | 34,26 | 548,00 |
| 3 | Јастуче за печат - метално (со димензии минимум 60x100mm) | ПАРЧЕ | 16 | 34,26 | 548,00 |
| 4 | Јастуче за навлажнување (со димензии минимум 60x100mm) | ПАРЧЕ | 32 | 34,26 | 1.096,00 |
| 5 | Автоматски датумар со бројки 1/1 метален со рачно нанесување на мастило (боја), со минимална висина на бројки 3,8 mm | ПАРЧЕ | 28 | 75,37 | 2.110,00 |
| 6 | Чаша за моливи метална мрежеста минимум 200 ml | ПАРЧЕ | 40 | 39,74 | 1.590,00 |
| 7 | Биро сет за маса мрежест, метален со минимум 3 елементи (делови), со минимум димензии 15x10cm | СЕТ | 24 | 86,34 | 2.072,00 |
| 8 | Калкулатор со минимум димензии 150x180x30mm со дисплеј од минимум 12 бројки, канцелариски, соларно и батерија | ПАРЧЕ | 40 | 68,52 | 2.741,00 |
| 9 | Калкулатор со дисплеј од минимум 12 бројки, со минимум димензии 150x180x30mm, канцелариски со адаптер | ПАРЧЕ | 4 | 2350,26 | 9.401,00 |
| 10 | Перфоратор за дупчење најмногу до 10 листа со граничник и маркер за центрирање | ПАРЧЕ | 8 | 32,89 | 263,00 |
| 11 | Перфоратор за дупчење најмногу до 15 листа со граничник и маркер за центрирање | ПАРЧЕ | 4 | 72,63 | 291,00 |
| 12 | Перфоратор за дупчење најмногу до 30 листа со граничник и маркер за центрирање | ПАРЧЕ | 4 | 135,67 | 543,00 |
| 13 | Перфоратор за дупчење најмногу до 40 листа со граничник и маркер за центрирање | ПАРЧЕ | 4 | 195,97 | 784,00 |
| 14 | Перфоратор за дупчење најмногу до 100 листа со граничник и маркер за центрирање | ПАРЧЕ | 4 | 301,49 | 1.206,00 |
| 15 | Перфоратор за дупчење најмногу до 150 листа со граничник и маркер за центрирање | ПАРЧЕ | 8 | 1493,75 | 11.950,00 |
| 16 | Држач пластичен за селотејп со минимум димензии 15x33 mm | ПАРЧЕ | 32 | 45,22 | 1.447,00 |
| 17 | Салотејп, димензии минимум 15mmx33m | ПАРЧЕ | 300 | 6,85 | 2.055,00 |
| 18 | Селотејп прозирен (среден) 15mm x 66m | ПАРЧЕ | 56 | 14,39 | 806,00 |
| 19 | Салотејп широк, прозирен и или кафеав, минимум димензии 50mm x 66m | ПАРЧЕ | 120 | 37,00 | 4.440,00 |
| 20 | Самолепливи етикети на табак, со минимум димензии на етикета 35mm x 70mm, A4 формат | ТАБАК | 160 | 3,01 | 482,00 |
| 21 | Самолепливи етикети на табак, со минимум димензии на етикета 35mm x 97mm, A4 формат | ТАБАК | 64 | 3,01 | 193,00 |
| 22 | Самолепливи етикети на табак,со минимум димензии на етикета 43mm x 97mm, A4 формат | ТАБАК | 64 | 3,01 | 193,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Самолепливи етикети на табак А4 формат, со минимум димензии на етикета 105 mm x 42mm; | ТАБАК | 64 | 3,01 | 193,00 |
| 24 | Самолепливи ливчиња (стикс блок-коцка), минимум 76x76 mm или минимум 75x75 mm, во боја, минимум 100 ливчиња во стикс блок-коцка | ПАКУВАЊЕ | 1440 | 11,65 | 16.776,00 |
| 25 | Самолепливи ливчиња (стикс блок-коцка), минимум 76x76 mm или минимум 75x75 mm, минимум 4 бои, минимум 400 ливчиња во еден стикс блок- коцка | ПАКУВАЊЕ | 160 | 45,22 | 7.235,00 |
| 26 | Мемо ливчиња 5/1 филм за обележување на страници со минимум димензии 12x45 mm | СЕТ | 320 | 15,07 | 4.822,00 |
| 27 | Мемо ливчиња 5/1 стрелки за обележување на страници со минимум димензии 12x50 mm | СЕТ | 96 | 15,07 | 1.447,00 |
| 28 | Мемо ливчиња 4/1 стрелки за обележување на страници со минимум димензии 25x45 mm | СЕТ | 360 | 8,22 | 2.959,00 |
| 29 | Блок-ливчиња - бели (коцка), со минимум димензии 9,5x9,5 cm, со минимум ливчиња во блок 400 | ПАКУВАЊЕ | 144 | 27,41 | 3.947,00 |
| 30 | Батерии алкални 1,5 V LR06 | ПАРЧЕ | 240 | 10,96 | 2.630,00 |
| 31 | Батерии алкални 1,5 V LR03 | ПАРЧЕ | 200 | 10,96 | 2.192,00 |
| 32 | Батерии алкални 1,5 V, со ознака D | ПАРЧЕ | 24 | 82,22 | 1.973,00 |
| 33 | Хефталка за минимум 12 листа, со минимум должина од 12cm | ПАРЧЕ | 32 | 132,93 | 4.254,00 |
| 34 | Хефталка за на маса, за минимум, 20 листа, со минимум должина од 15cm | ПАРЧЕ | 56 | 79,48 | 4.451,00 |
| 35 | Хефталка клешта 24/6 до 26/6 минимум 40 листа | ПАРЧЕ | 200 | 156,23 | 31.246,00 |
| 36 | Хефталица за иглици N. од 23/6 до 23/13 за хефтање до 100 листови | ПАРЧЕ | 16 | 457,72 | 7.324,00 |
| 37 | Хефталица за иглици N. од 23/6 до 23/17 за хефтање до 150 листови | ПАРЧЕ | 8 | 682,47 | 5.460,00 |
| 38 | Хефталица за иглици N. од 23/6 до 23/24 за хефтање мин 200 листови | ПАРЧЕ | 4 | 790,73 | 3.163,00 |
| 39 | Хефт иглици N. 24/6 пакување од најмалку 1/1000 | ПАКУВАЊЕ | 1200 | 8,22 | 9.864,00 |
| 40 | Хефт-иглички N.26/6 пакување, од најмалку 1/1000 | ПАКУВАЊЕ | 200 | 6,17 | 1.234,00 |
| 41 | Хефт-иглички N.24/10 пакување, од најмалку 1/1000 | ПАКУВАЊЕ | 64 | 4,11 | 263,00 |
| 42 | Хефт-иглички N.23/6 пакување од најмалку 1/1000, наменети за хефтање до 20 листа | ПАКУВАЊЕ | 12 | 14,39 | 173,00 |
| 43 | Хефт-иглички N. 23/8 пакување од најмалку 1/1000, наменети за хефтање до 50 листа | ПАКУВАЊЕ | 32 | 17,13 | 548,00 |
| 44 | Хефт-иглички N. 23/10 пакување од најмалку 1/1000, наменети за хефтање до 80 листа | ПАКУВАЊЕ | 32 | 19,19 | 614,00 |
| 45 | Хефт-иглички N. 23/12 или 23/13 пакување од најмалку 1/1000 наменети за хефтање до 100 листа | ПАКУВАЊЕ | 16 | 37,00 | 592,00 |
| 46 | Хефт-иглички N. 23/15 пакување од најмалку 1/1000 наменети за хефтање до 130листа | ПАКУВАЊЕ | 12 | 27,41 | 329,00 |
| 47 | Хефт-иглички N. 23/17 пакување од најмалку 1/1000 наменети за хефтање до 160 листа | ПАКУВАЊЕ | 12 | 31,52 | 378,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | Хефт-иглички N. 23/20 пакување од најмалку 1/1000 наменети за хефтање до 180 листа | ПАКУВАЊЕ | 8 | 68,52 | 548,00 |
| 49 | Хефт-иглички N. 23/23 пакување од најмалку 1/1000 наменети за хефтање до 200 листа | ПАКУВАЊЕ | 6 | 49,33 | 296,00 |
| 50 | Хефт-иглички N. 23/24 пакување од најмалку 1/1000 наменети за хефтање до 240 листа | ПАКУВАЊЕ | 6 | 93,19 | 559,00 |
| 51 | Дехефталка за отхефтување | ПАРЧЕ | 120 | 23,30 | 2.796,00 |
| 52 | Рачно индиго со минимум 1/100 | ПАКУВАЊЕ | 10 | 148,00 | 1.480,00 |
| 53 | Индиго рачно ПВЦ А4 минимум 1/100 парчиња | КУТИЈА | 10 | 149,38 | 1.494,00 |
| 54 | Индиго машинско А4 минимум 1/100 парчиња | КУТИЈА | 4 | 148,00 | 592,00 |
| 55 | Коректурен лак 1/1, пакување од мин 20 ml | ПАРЧЕ | 100 | 15,76 | 1.576,00 |
| 56 | Коректурен лак со разредувач сет 2/1, пакување од мин 20ml | СЕТ | 100 | 38,37 | 3.837,00 |
| 57 | Гума за бришење со минимум 40x10x5mm | ПАРЧЕ | 160 | 5,21 | 834,00 |
| 58 | Коноп од најмалку 1/100 m, од минимум 160гр. | ПАРЧЕ | 16 | 69,89 | 1.118,00 |
| 59 | Коноп од најмалку 1/100 m, од минимум 200гр. | ПАРЧЕ | 24 | 69,89 | 1.677,00 |
| 60 | Линијар пластичен, минимум 30cm | ПАРЧЕ | 24 | 7,95 | 191,00 |
| 61 | Линијар, пластичен со должина минимум 40 cm | ПАРЧЕ | 16 | 20,15 | 322,00 |
| 62 | Линијар пластичен, минимум 50cm | ПАРЧЕ | 8 | 20,15 | 161,00 |
| 63 | Рапитограф со дебелина на линија од 0,1 mm | ПАРЧЕ | 4 | 68,52 | 274,00 |
| 64 | Туш за рапитограф од најмалку 23ml | ПАРЧЕ | 4 | 68,52 | 274,00 |
| 65 | Триаголник ПВЦ професионален со минимум степени С-2/45 и С-2/60 и минимум должина димензии 30cm | ПАРЧЕ | 4 | 34,26 | 137,00 |
| 66 | Фломастер единечен (во повеќе бои – сортирани), со тенок врв, со минимум испис 2,00 mm | ПАРЧЕ | 136 | 8,91 | 1.212,00 |
| 67 | [2]Фломастер гарнитура минимум 1/6, со тенок врв, со минимум испис 2,00 mm | ПАКУВАЊЕ | 40 | 52,08 | 2.083,00 |
| 68 | [2]Фломастер гарнитура минимум 1/12, со тенок врв со минимум испис 2,00 mm | ПАКУВАЊЕ | 40 | 52,08 | 2.083,00 |
| 69 | Фломастер единечен флуоросцентен (во повеќе бои - сортирани), минимум 1/8 со дебелина на траг од минимум 0,8 mm | ПАКУВАЊЕ | 48 | 37,00 | 1.776,00 |
| 70 | Перманентен маркер 1/1, со остар врв (во повеќе бои - сортирани) со дебелина на минимум 2 mm | ПАРЧЕ | 56 | 8,91 | 499,00 |
| 71 | Маркер за ЦД минимум 1mm разни бои | ПАРЧЕ | 32 | 13,70 | 438,00 |
| 72 | Маркер за табла со дебелина на траг минимум 2 mm | ПАРЧЕ | 28 | 13,02 | 365,00 |
| 73 | Маркер текст за потцртување на текст за еднократна употреба (во различ | ПАРЧЕ | 150 | 6,85 | 1.028,00 |
| 74 | Текст маркер минимум 4 парчиња во пакување со дебелина на траг 1-4 mm | ПАКУВАЊЕ | 150 | 27,41 | 4.112,00 |
| 75 | Универзално лепило во форма на маркер (стик), прозирно минимум 15gr.) | ПАРЧЕ | 44 | 17,82 | 784,00 |
| 76 | Лепак во туба универзален, прозирен, минимум 20gr | ПАРЧЕ | 136 | 8,22 | 1.118,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 77 | Спојувалки за хартија минимум 20 mm, минимум 1/100 спојувалки | ПАКУВАЊЕ | 280 | 7,54 | 2.111,00 |
| 78 | Спојувалки за хартија минимум 25 mm минимум, 1/100 спојувалки | ПАКУВАЊЕ | 560 | 8,22 | 4.603,00 |
| 79 | Спојувалки за хартија минимум 28 mm, минимум 1/100 спојувалки | ПАКУВАЊЕ | 200 | 8,22 | 1.644,00 |
| 80 | Спојувалки за хартија минимум 32 mm, минимум 1/100 спојувалки | ПАКУВАЊЕ | 144 | 12,33 | 1.776,00 |
| 81 | Спојувалки за хартија, минимум 75 mm, минимум 1/100 спојувалки | ПАКУВАЊЕ | 56 | 31,52 | 1.765,00 |
| 82 | Спојувалки за хартија, минимум 75 mm, минимум 1/100 заоблени | ПАКУВАЊЕ | 24 | 31,52 | 756,00 |
| 83 | Штипки за хартија метални минимум 15mm | ПАРЧЕ | 250 | 1,10 | 275,00 |
| 84 | Штипки за хартија метални минимум 20mm | ПАРЧЕ | 250 | 1,03 | 258,00 |
| 85 | Штипки за хартија метални минимум 30mm | ПАРЧЕ | 120 | 2,33 | 280,00 |
| 86 | Штипки за хартија метални минимум 40mm | ПАРЧЕ | 150 | 3,15 | 473,00 |
| 87 | Штипки за хартија метални минимум 50mm | ПАРЧЕ | 112 | 5,48 | 614,00 |
| 88 | Разделници ПВЦ минимум 1/12 (сортирани по боја) А4 формат | ПАКУВАЊЕ | 32 | 37,00 | 1.184,00 |
| 89 | Разделни ПВЦ минимум 1/5, со бројки (сортирани по боја) А4 формат | ПАКУВАЊЕ | 20 | 16,44 | 329,00 |
| 90 | Разделници ПВЦ минимум 1/12, со бројки (сортирани по боја) А4 формат | ПАКУВАЊЕ | 28 | 37,00 | 1.036,00 |
| 91 | Разделници картонски минимум 1/12 (сортирани по боја) А4 формат | ПАКУВАЊЕ | 16 | 37,00 | 592,00 |
| 92 | Разделници картонски со минимум димензија 24x10,5 во боја - сина и зелена, минимум 1/100 | ПАКУВАЊЕ | 16 | 89,08 | 1.425,00 |
| 93 | Магнетна кутија за спојувалки минимум димензии 60 mm x40 mm | ПАРЧЕ | 88 | 19,87 | 1.749,00 |
| 94 | Мини за патент молив минимум 0,5, минимум 1/12 миници во кутија | ПАКУВАЊЕ | 56 | 4,11 | 230,00 |
| 95 | Налив перо со патрони траг од минимум 0,5 mm | ПАРЧЕ | 48 | 27,41 | 1.316,00 |
| 96 | Патрони за понуденото наливперо од р.б. 94, минимум 1/5 | ПАКУВАЊЕ | 104 | 27,41 | 2.851,00 |
| 97 | Пенкало хемиско со менување на мина (сино), со променлив рефил (траг од 0,5 mm до 07 mm) | ПАРЧЕ | 1480 | 2,60 | 3.848,00 |
| 98 | Мини за понуденото пенкало метални, (сини) | ПАРЧЕ | 320 | 1,23 | 394,00 |
| 99 | Пенкало хемиско со менување на мина (црно), со променлив рефил (траг од 0,5 mm до 07 mm) | ПАРЧЕ | 320 | 4,80 | 1.536,00 |
| 100 | Мини за понуденото пенкало метални, (црни) | ПАРЧЕ | 160 | 4,80 | 768,00 |
| 101 | Пенкало хемиско со менување на мина (црвено), со променлив рефил (траг од 0,5 mm до 07 mm) | ПАРЧЕ | 200 | 2,74 | 548,00 |
| 102 | Мини за понуденото пенкало метални, (црвени) | ПАРЧЕ | 100 | 2,74 | 274,00 |
| 103 | Кутија за пенкало со димензии од минимум 17x6 cm изработена од еко кожа | ПАРЧЕ | 8 | 68,52 | 548,00 |
| 104 | Пенкало хемиско со дебелина на испис од минимум 0,7 mm (сино), со променлив рефил | ПАРЧЕ | 32 | 4,80 | 154,00 |
| 105 | Мини за понуденото пенкало (сини) | ПАРЧЕ | 48 | 1,37 | 66,00 |
| 106 | Пенкало хемиско со дебелина на испис од минимум 0,7 mm (црно), со променлив рефил | ПАРЧЕ | 16 | 5,48 | 88,00 |
| 107 | Мини за понуденото пенкало (црни) | ПАРЧЕ | 16 | 5,48 | 88,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 108 | Пенкало хемиско со дебелина на испис од минимум 0,7 mm (црвено), со променлив рефил | ПАРЧЕ | 16 | 5,07 | 81,00 |
| 109 | Мини за понуденото пенкало (црвени) | ПАРЧЕ | 16 | 5,07 | 81,00 |
| 110 | Пенкало ролербол (наливперо) (сино) со променлив рефил од најмалку 0,5mm | ПАРЧЕ | 104 | 69,89 | 7.269,00 |
| 111 | Резервни мини за понуденото наливперо (сини) | ПАРЧЕ | 100 | 69,89 | 6.989,00 |
| 112 | Пенкало ролер со течно мастило, минимум 0,5 mm дебелина на испис (сино) | ПАРЧЕ | 32 | 11,51 | 368,00 |
| 113 | Пенкало ролер со течно мастило, минимум 0,5 mm дебелина на испис (црно) | ПАРЧЕ | 16 | 16,44 | 263,00 |
| 114 | Пенкало ролер со течно мастило, минимум 0,5 mm дебелина на испис (црвено) | ПАРЧЕ | 16 | 11,65 | 186,00 |
